ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БРОЈ 07/2023 - ПОДГОТОВКА, ДИЗАЈН, ПРЕЛОМ, ЕДИТИРАЊЕ И ФОРМАТИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗДАНИЈА (ПУБЛИКАЦИИ)**

Институтот за стратешки истражувања и едикација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува повик за набавка за услуга за подготовка, прелом, уредување, едитирање и форматирање на електронски изданија (публикации).

**Предмет на набавка**

Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје, за потребите на проектот со наслов: "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија", има потреба од набавка на услуга за подготовка, дизајн, прелом, едитирање и форматирање на електронски изданија (публикации) и тоа следниве публикации:

- Студија за процена на состојбите за постапување по пријави на укажувачи, транспарентност и отчетност на јавните претпријатија во Република Северна Македонија - обем до 110 страници, А5 формат и
- Патоказ и листа за проверка – обем до 16 страници, А5 формат

**Рокот за завршување на работите е 15 дена од ден на предавање на материјалите.**

Потребни документи:

- Финансиска понуда изразена во денари. Доколку понудувач е правно лице, цената од понудата да бидат прикажани во денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ.

Единствен критериум за набавката е цена.

**Рок и начин за доставување на потребните документи и понудите:**

Понудите се доставуваат најдоцна до **31.03.2023 година** на следната електронска пошта: isie@mail.org.

Датум на објава на оглас: 23.03.2023